ПАТРИМОНИУМ.МК, година 10, број 15 / 2017
УДК: 903.25 : 726.821 (497.733) “11/15“



Ана ЈОРДАНОВА-ДУБРОВСКА

# ПРСТЕНИ СО ЖИВОТИНСКИ ПРЕТСТАВИ ОД АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ЦРКВИШТЕ“ ВО СЕЛО МОРОДВИС

***Клучни зборови***: *Муродвис, средновековна некропола, накит, прстени, животински мотиви, хералдика*

***Апстракт***: *Погребувањата во некрополата „Црквиште“ во Мородвис, во близина на Кочани, траеле од крајот на XIII до почетокот на XX век. Најчест прилог во гробовите е накитот, меѓу кој најмногубројни се прстените. Овде се обработуваат пет од нив, кои се украсени со животински, односно, зооморфни декорации. Тие потекнуваат од периодот од крајот на XII до XVI век. Претставите на животни имаат симболично значење, а уочливи се и хералдички елементи.*

Во 1980 година во селото Мородвис, кај Кочани, започнале археолошки ископувања на локалитетот „Црквиште“, предводени од археологот Кирил Трајковски. По повеќегодишните истражувања, овој локалитет зазел особено значајно место во науката, така што со право е ставен во групата на локалитети – стожери на Археолошкиот музеј на Македонија.

При систематските археолошки ископувања се откриени четири архитектонски фази на христијански храмови, како и неколку потфази, кои започнале да егзистираат во IX век, а биле во функција до почетокот на XX век. За содржината, географско – историските, археолошките и други прашања се напишани повеќе студии од страна на раководителот на истражувањата.[1]

Во некрополата на локалитетот Црквиште се откриени и истражени 389 гроба на христијански покојници од населбата Μωρόβισδος, односно Furumizdus, а подоцна Морозвизде или Морозда. Некрополата се протега околу црквата и во самата црква. Погребувањата овде започнуваат во почетокот на XIII век и продолжуваат интензивно до почетокот на XX век.[2]

На локалитетот Црквиште, освен засведената гробница нема други ранохристијански погребувања, а констатирани се гробови од исто време на локацијата Гробјански Рид.[3] Во периодот кога егзистирала втората црква, подигната кон крајот на IX, односно во почетокот на X век, исто така нема погребувања.[4] Во XI век црквата, која со сигурност имала епископски карактер, нема некропола туку само посебни погребувања како т.н. ктиторски гроб кај аркосолиумот. Имено, во текот на XI-XII век има неколку погребувања на одбрани позиции во рамките на црковниот комплекс и покрај него, но не станува збор за некропола. Некрополата во овој период, па до почетокот на XIII век, со сигурност била на југозападната падина на Гробјански Рид.[5]

Погребувањето во некрополата е според христијанските обичаи, што подразбира и ставање гробен прилог заедно со покојникот. Од гробните прилози најмногу е застапен накитот, од кој најбројни се прстените. Прстените биле

[1] К. Трајковски, *Истражувања во Мородвис*, 1980, Зборник (1979-1980), Археолошки музеј на Македонија, Книга X-XI, Скопје 1983, 133-142; K. Trajkovski, *Morobisdon – Crkveni kompleks sa nekropolom,* Arheološki pregled 1985, Archaeologia Jugoslavica, Savez arheoloških društava Jugoslavije, Ljubljana 1985, 176; К. Трајковски, *Археолошки осврт на Мородвишката епископија*, Известия на исторически музей-Кюстендил, Том IV, Кюстендил 1992, 279-287; И. Толевски, *Библиографија на Кирил Трајковски*, Патримониум.мк, списание за културно наследство-споменици, реставрација, музеи-година 7, број 12, Скопје 2014, 10-14.

[2] К. Трајковски, *Гробот 105 од Мородвис*, МАА, 12, Скопје 1992, 235.

[3] А. Јорданова, *Прстените од Мородвис*, Мастер тема, Београд 2008, 4. Локацијата се наоѓа на оддалеченост од 500 метри јужно од селото.

[4] К.,Трајковски, *Култот на моштите во Брегалничката долина*, Follia Archhaeologica Balkanica, Скопје 2006, 433; А. Јорданова, *Прстените од Мородвис*,4.

[5] К. Трајковски, *Култот на моштите*, 433.

носени од населението од сите возрасти, пол и социјален статус. Како резултат на повеќевековните погребувања, како и релативно малиот простор, многу од постарите гробови биле растурани и на нивно место се погребувале починатите од следната генерација. Затоа, иако гробниот инвентар, пред сé накитот од кој најбројни се прстените, главно се откривани на останките од скелетите на погребаните, дел од нив потекнуваат и од растурени гробови, како и од случајни наоди во самата некропола.

При изработката на прстените се обрнувало внимание, како за формата така и за украсувањето. Најчесто како мотиви, на главата на прстените се претставени геометриски, астрални (ѕвездести), флорални и анимални претстави, како и монограми, симболи на христијанството – крст, букви и сл. Не се ретки и оние со нејасен цртеж. Тоа е веројатно резултат на неможноста или неспособноста да се изведе фигура која претходно е видена или замислена. Некогаш украсите се и релјефно изведени на рамената на прстените, а се вметнуваат и полускапоцени камења.

Материјалот од кој се изработени прстените е разновиден. На локалитетот „Црквиште" во Мородвис најчести се прстените од бронза, а поретки од сребро. Откриен е само еден сребрен прстен со позлата, еден од стакло, еден бронзен со посребрување, како и прстен од месинг кој имал практична намена за затегнување лак.

Употребувани се различни техники на изработка на прстените, како леење, врежување, исчукување, филигран и гранулација.

Во оваа статија ќе бидат презентирани неколку прстени кои се декорирани со животински претстави, од кои еден со пантер/**лав**, еден со лав и риба, еден со риба, еден со орел и еден со двоглав орел. Сите тие потекнуваат од локалитетот „Црквиште" во село Мородвис. Овие прикази на животни се најчестите ликовни претстави во средновековниот период на нашите простори.

### Лав

Најлуксузниот прстен што потекнува од оваа некропола е со димензии: дијаметар 16,65мм, висина 19,15мм, димензии на главата 14,7 x 14,1мм, тежина 3,83гр. изведен во техника на леење, украсен со исчукување. Изработен е од сребро со позлата на кој од долготрајното користење се воочува неговата дотрајаност, така што позлатата е слабо видлива. Прстенот има кружна, рамна глава која преоѓа во алката со полукружен пресек. На главата со алатки во различни димензии е исчукан цртеж на пантер/**лав** во óд со извиткана долга опашка и со една кревата нога, врамен во круг кој го следи работ на главата на прстенот. Ваквата поза на лавот во хералдиката е позната како lion passant.[6] Целото поле околу лавот е исполнето со 8 ѕвезди од кои најдоминантна е ѕвездата што се наоѓа под телото на животното. Шепите и крајот на опашката се исчукани со истата алатка со која се изведени ѕвездите, така што и тие наликуваат на ѕвезди.

Главата на лавот е завртена кон гледачот. Телото е тенко и грациозно, исполнето со плитки исчукувања, кои ја претставуваат шарата на животното, што упатува кон мислењето дека можеби претставува и пантер.

Прстенот е пронајден под подот на јужниот брод на базиликалната црква во гробот нумериран како 357 (сл. 1). Заедно со прстенот се најдени и три бронзени копчиња. Овој прстен потекнува од XIV век, најдоцна до почетокот на XV век. Тоа е прстен печатник, кој најверојатно му припаѓал на некој угледен граѓанин со повисок социјален статус. Неговата недоволно зачувана позлата, сведочи за тоа дека прстенот бил носен од една или повеќе генерации на угледни жители, пред да биде положен во гробот заедно со покојникот.

Лавот како симбол е многу застапен на територијата на Македонија. Во накитот тој главно е претставен како стои или оди на земја.[7] Лавот прикажан на пехарот од Оризари, кај Кочани, е поставен на почва, со едната шепа малку подигната,[8] односно во хералдичкиот приказ lion passant. Со ваква хералдичка претстава е и лавот на прстенот од гроб 105.[9]

Со својата надворешна величественост лавот го плени вниманието на секоја индивидуа. За неговата храброст и бестрашност се говори во поговорките и басните. Алегоричното претставување на лавот како „цар на животните" е сосема јасно и тесно поврзано со неговиот карактер и особини. Тој е гласен, силен, храбар и бестрашен. Затоа е симбол на луѓе кои се карактеризираат со особена сила, власт и моќ.

Во библиските текстови многу често се среќава лавот. Со него чесна борба имале Самсон и Да-

---

[6] В. Иванишевић, *Развој хералдике у средновековној Србији,* ЗРВИ, XLI, Београд 2004, 227; Ј. Јоновски, *Македонски хералдички терминолошки речник*, Македонски Хералд, 7 септември, 2013, 28.

[7] Е. Манева, *Средновековен накит од Р. Македонија*, Скопје 1990 Т. 87; Е. Манева*, Прстени со зооморфни мотиви од некрополата Водоча кај Струмица*, Monumenta 1, Скопје 2016, 69.

[8] А. Јорданова, *Хералдички претстави од Брегалничкиот регион*, Македонски Хералд, 3, Скопје 2009, 18.

[9] К. Трајковски, *Гробот 105,* 238, T.V-18.





*1. Прстен со претстава на лав од гробот 375, крај на XIV почеток на XV век.*

вид, а некој од пророците од Јудеја бил растргнат од лав. Пророкот Данаил бил спасен од лавовите во пештерата, додека, пак, рикањето на лавот се споредува со божјото слово.[10] Тој се поврзува и со Христовото воскресение, заради верувањето дека тој спие со отворени очи, тој е и симбол на будноста. Се поврзува со св. апостол Марко, св. Марија Египетска, св. Онуфриј и св. Павле Пустински.[11] Многу ретко, лавот се поврзува и со сатаната, чија што основа е Псалмот 91,13.[12]

На лавот му се поклонувале и старите Египќани, а тој е присутен и на асирските и вавилонските релјефи.[13] Лавот е во корелација и се поврзува со некои од божествата на антиката, како на пример со Дионис, Херакле, Орфеј, Кибела и други.

На величествените порти на божицата Иштар во Вавилон, кои датираат од времето на кралот Набукодоносор II се прикажани лавови, а над влезот во градот Микена, во релјеф на камен се изделкани два лава свртени еден кон друг. Тоа значи дека лавот бил заштитник на влезовите, градовите, народите, а подоцна и на државите.

Во доцниот средновековен период тој е главно обележје на српските деспоти од семејството на Бранко (1397-1459)[14]. Тие го коваат лавот и на своите монети.[15]

Честа претстава на гробните прилози во некрополите на територијата на Македонија е лавот. Прикажан е како апликација на шлемот од гробот VIII од Требениште, на златните плочи од Синдос, каде што е придружен од вепар и на надгредникот од гробот VII, од Требеништа, VII-VI в. пред н.е.[16] Со особините и карактеристиките на лавот се идентификувал и големиот македонски цар Александар. На монетите тој е претставуван со кожа од лав префрлена на неговата глава. Во хеленизмот, лавот е чест украс на накитот. Лавот е прикажан и на ранохристијанските мозаици во Хераклеа Линкестис.[17]

Лавот е симбол и на заштитништво, доблест и благородништво. Се смета дека неговото присуство во хералдиката е донесено од Истокот и тесно поврзано со крстоносните походи.[18] Од гореналеденото се гледа дека тој е неизоставен симбол поврзан со македонската држава уште од антиката. Македонската хералдика е поврзана со лавот и неговото најрано датирање го среќаваме кон

[10] архиман. Никофора, *Библейская энциклопедия*, Москва 1891, репринтное издание М: ТЕРРА, 1990, 427.

[11] Leksikon ikonografije, liturgike I simbolike zapadnog Kriščanstva i uvod u ikonologiju, Zagreb 1985, 374.

[12] Ibid

[13] архиман. Никофора, *Библейская,* 427.

[14] Во досегашната литература деспотите од ова семејсво беа нарекувани „Бранковићи", а преведено на македонски „Бранковиќи". Овој термин не е во согласност со македонскиот јазик, па затоа овде го користам поширокото објаснување „фамилијата на Бранко", иако сметам дека соодветен термин би бил и „Бранкови".

[15] В. Иванишевиќ, *Развој хералдике*, 225, 226

[16] В. Соколовска, *Етничките носители на требенишката некропола*, Скопје-Охрид 1997, 58.

[17] А. Ѓорѓиевска, *Хераклеа Линкестис-Водич,* Битола 2007/2008, 66.

[18] Ј. Јоновски, *Македонски хералдички,* 28



*2. Прстен со мотив на лав и риба од гроб 105, крај на XII-XIII век.*

крајот на XIV век, поточно од 1394 година, како грб поставен на штитот што го носи Александар Македонски, претставен во групата на Деветте достојни.[19] Во следните векови континуирано се следи дека лавот бил основен симбол на македонскиот грб.

Покрај симболот на лавот, прстенот е украсен и со осум ѕвезди, од кои ѕвездата што се наоѓа под телото, меѓу предните и задните нозе, е поголема од останатите. Ѕвездата е христијански симбол. Во Новиот Завет ѕвездата го навестува доаѓањето на спасителот, односно раѓањето на Исус Христос.

Симболите на лавот и ѕвездите веројатно се поврзани со семејството на кое му припаѓал овој прстен и ги претставувал нивните инсигнии.

На источната страна на епископската црква од XII век е откриен гроб нумериран со бројот 105.[20] Покрај дланките е откриен сребрен прстен со издигнати рамена формирани како резултат на релјефно изведена риба на двете страни на алката. Главата на прстенот се издигнува трапезно и рамната површина е украсена со врежан лав во óд, со извиткана опашка, врамен во врежан круг lion passant. Димензиите на прстенот се: дијаметар 18,3 мм, висина 22,2 мм, димензиите на главата се 8,0 х 6,65 мм, а тежината 3,51 гр.. Среброто од кое е излеан прстенот е со слаб квалитет (сл. 2).

Покрај прстенот во гробот во кој е погребано 12-годишно девојче се најдени и 16 стаклени белезии, едно сребрено ѕвонче, 2 сребрени обетки и стаклен прстен.[21] Гробниот прилог е датиран во почетокот на XIII век. Меѓутоа, димензиите на прстенот наведуваат на тоа дека тој не бил носен од девојчето, туку припаѓал на семејството. Неговиот носител била некоја друга, возрасна личност. Веројатно поради прераната смрт на детето, прстенот му го ставиле како гробен прилог, па така и неговото производство би се датирало порано, во XII век, односно крајот на XII век.

**Риба**

На прстенот (сл. 2) покрај лавот, на рамената релјефно е претставена и риба. Таа е прикажана вертикално, поставена долж рамената на алката. Главата, на која се забележува едно око, е свртена кон главата на прстенот.

Другиот прстен на кој е изведена стилизирана претстава на риба е најден во профилот на сонда III/80 (инвентарирано: НК – 81 – 19), (сл. 3). Тоа е масивен бронзен прстен со полукружен пресек на широката алка, која благо се шири кон врвот и се спојува со елипсовидната глава. На рамената има длабоки врежани хоризонтални линии, а рамната глава е украсена со врежана рибја коска врамена во елипса. Димензиите се: дијаметар 19, 15 мм, височина 23,7мм, главата 14,9х11,8 мм и тежина 8,33 г. Стилизираната риба е претставена со една подолжна линија на која од двете страни косо се врежани цртки, а на едниот крај се гледа опашката на рибата изведена со мал триаголник.

Според обликот на прстените и декорацијата, овој прстен потекнува од XVI век.

[19] Ј. Јоновски, *Грбовите на Македонија*, Македонски Хералд 3, Скопје 2013, 3.

[20] К. Трајковски, *Гробот 105*, 235.

[21] К. Трајковски, *Гробот 105*, 235-236.



*3. Прстен со мотив на стилизирана риба, случаен наод од некрополата во Мородвис, XVI век.*

Рибата пред сè е разгледувана како христијански симбол, односно таа е симбол на Христос, заради петте букви со кои на грчки се пишува зборот „риба“ –„ἰχθύς“, кои го сочинуваат монограмот на Христос што значи Исус Христос син Божји Спасител.[22] Поради тоа во ранохристијанските споменици тој е прикажан како риба. Рибата е симбол и на обредот на крштевањето.[23]

Како главно јадење на старите Египќани била рибата, па затоа уште во стариот завет среќаваме писанија во кои се спомнува рибата.

Еден прстен од Водоча на кој на сличен начин е претставена риба, се претпоставува дека му припаѓа на витешки ред чија инсигнија е рибата, можеби штуката, но дека во поширокиот регион немаме докази за постоењето на овој ред.[24]

Орелот на прстените од Мородвис е претставен на два начина, односно, имаме едноглав орел и двоглав орел.

**Едноглав орел**

Бронзениот прстен со полукружен пресек на алката која се шири кон елипсовидната глава на која има врежан стилизиран орел е случаен наод од некрополата во Мородвис. Орелот е прикажан со полураширени крилја, со глава во профил свртена кон неговата десна страна, со силно изразено око. На телото има мали врежани точки кои ги претставуваат пердувите на птицата. Димензиите на прстенот се: дијаметар 18,6 мм, височина 22 мм и димензии на главата 15,8 x 11,6 мм (сл. 4).

Вакви прстени се откривани многу често на Балканскиот Полуостров и се датираат од X до XII век. Овој прстен, како и неколку други прстени откриени на некрополата, укажуваат на тоа дека тука имало погребувања пред XIII век, кога започнала некрополата активно да се употребува.[25] Заради масивноста на алката, сметам дека овој прстен е од подоцнежните прстени со ваква претстава, односно, од XI-XII век.

Како пандан на лавот кој е цар на животните на земјата, на небото се јавува орелот како цар на птиците. Тој е симбол на моќ, акција, брзина и остра перцепција. Има моќна интуиција и креативност како резултат на остриот вид, што му дава способност да ги види скриените висини и духовните принципи. Орелот за свој симбол го прифатиле многу народи во целиот свет како во минатото, така и денес.

Во еден стар фрагмент со вавилонски текст се соопштува за небесниот поход на царот Етена, понесен во височините од орел, а во сириското град Палмира орелот бил посветен на богот на сонцето.[26]

Античкиот грчки пантеон, овој соларен симбол му го припишува на врховниот бог Зевс, а во античкиот Рим, овој атрибут му е доделен на Јупитер.[27]

Сребрени тетрадрахми кои го имаат орелот како стои со спуштени крилја, со глава во профил и тело во полупрофил, биле ковани во Египет од

[22] Leksikon, 509.

[23] ibidem

[24] Е. Манева, *Прстени со зооморфни мотиви*, 64.

[25] А., Јорданова, *Прстените од Мородвис*, 21.

[26] Х. Бидерман, *Речник на символите*, Рива 2003, 295.

[27] Д. Срејовић, А. Цермановић-Кузмановић, *Речник грчке и римске митологије*, четврто издање, Београд 1992, 161, 184.



*4. Прстен со мотив на орел, случаен наод од некрополата во Child Мородвис, XI-XII век.*

Птоломеидите.[28] Монети од последниот македонски крал Персеј на реверсот имаат орел застанат на молња. Овој тип на монети кај нас е чест и најброен во циркулацијата на пари од Персеј (220-168) пред н.е.[29] Монетите од типот на Персеј/орел, според Touratzogly се ковани во 183/2 пред н.е. му припаѓаат на македонскиот крал Филип V.[30]

Орелот е симбол и на воскресението, што се темели на верувањето дека тој ги обновува своите перја и младоста, така што прво лета кон сонцето, а потоа брзо се нурнува во водата.[31] Неговиот полет кон височините бил разбиран како паралела со Христовото Вознесение[32]. Во поширока смисла ги означува праведните, па дури и заменува некои карактеристики како храброст, верба и разумност. Тој ја симболизира и великодушноста, бидејќи се верувало дека колку и да е гладен, тој им оставал половина од својот плен на другите птици.[33]

Во библиските текстови многу често се зборува за особеностите на орелот, брзината на неговото летање, ненаситноста, остриот вид, како и неговиот долг живот, способноста да се здобива со нова сила.[34] Орелот во старо време се јавува како симбол на силата и моќта кај приватни лица, силни цареви и херои, како и на целото црство и народот, како на пример Вавилонско, Египетско, Римското.[35]

Го претставува евангелистот св. Јован, кој најмногу е наклонет кон духовната сфера.[36] Во бестиарите, односно средновековните книги за животните, орелот се поистоветува со првоотецот Адам.[37]

Мотивот на орел бил особено популарен во Византиското Царство. Сочуван е текстил, поточно свили со мотив на орел, за кои се смета дека потекнуваат од околу 1000 година.[38]

**Двоглав орел**

Врз основа на симетричната стилизација, орелот често е прикажуван со две глави, односно, двоглав орел. Вака претставениот орел станува хералдички симбол. Во европската хералдика, двоглавиот орел заедно со лавот е најчесто прикажувано животно на грбовите.

Во некрополата во Мородвис, под јужниот под на базиликалната црква е откриен гроб, означен како гроб бр. 94, во кој е пронајден сребрен прстен (инв. бр. НК-83-2), со кружна глава и широка

[28] www.coinquest.com/cgi-bin/cq.

[29] П., Јосифовски, *Збирен наод на доцнохеленистички монети од Башино село*, Македонски нумизматички гласник, бр. 1, Скопје 1994, 58.

[30] Н. Шелдаров, *Наод на монети од македонскиот крал Филип V,* Македонски нумизматички гласник, бр. 3, Скопје 1999, 32, сл 3, 4.

[31] Leksikon, 440.

[32] Х., Бидерман, 2003, 296.

[33] Leksikon, 440.

[34] архиман. Никифора, *Библейская,* 533 – 534.

[35] Ibid.; Свето писмо (Библија) на стариот и на новиот завет, Језекил глава 17, Скопје 1990, 1041-1042.

[36] Х. Бидерман, *Речник на симболите*, 298

[37] Ibid

[38] D. T. Rice, *Art of the Byzantine Era,* Thames and Hudson, London 1986, 106.



*5. Прстен со мотив на двоглав орел од гроб 94, крај на XIII-XIV век.*

алка чиј пресек е полукружен (сл. 5). Димензиите на прстенот се: дијаметар: 18,2мм, височина: 18,4мм, димензии на главата: 14,9x15,0мм и тежина: 3,83г. На површината на главата е врежан двоглав орел. Овој прстен, како и прстенот со врежан лав, најверојатно е прстен печатник.

Најраните претстави на орелот се со хетитско потекло, односно од центарот на Хетитската Империја во централна Анадолија. Тие се пронајдени во Ќултепе-Канис, во Богаској и датираат од XVIII век пред н.е, како и на каменото светилиште од Јазиликаја, што датира од XIII век пред н.е. на сцена со инаугурација, на која два принца стојат на двоглав орел.[39]

Поминал подолг временски период откако повторно се појавил двоглавиот орел во претставите и амблемите. Најраните негови претстави ги среќаваме на периферијата на христијанскиот свет, па оттаму се претпоставува дека тој може да биде со паганско или исламско потекло.[40] Во Европа рани прикази на двоглави орли има во Омајадска Шпанија VII – XI век, во Куќата на Саксонците X-XI век во Германија и во Бугарија, во Стара Загора X-XI век.

Во следните векови двоглавиот орел станал особено популарен не само во Европа, туку и многу пошироко. Бил прифатен од Ото IV, владетел на Светата Римска Империја кон крајот на XII век. На Балканските простори се раширил како резултат на влијанието на Византија[41], каде што како свој симбол го имале Никејските владетели, а подоцна го прифатиле и Палеолозите. Станал симбол на владетели и великодостојници во Бугарија, Епир и Србија, потоа во Македонија, Мистра и Влахија, како и во Албанија.

Херојските особености на орелот биле најголемата причина што многу владетели го поставувале на своите грбови. Го има на грбовите на германските кралеви, на баварските, силезијските и австриските Херцози, полските кралеви, римско-германскиот император. Тој е симбол и на Германците, на Австро-Унгарија, царска Русија, српските кралеви и др.[42] Бил симбол и на многу исламски владетели и народи, односно во XII век бил симбол на Калифатот на Багдад, потоа бил симбол и на Египет, Нубија, Туркменистан, како и Индија.[43]

### ***Заклучни согледувања***

Креативноста на златарите, претставувајќи разновидни флорални, геометриски, зооморфни и антропоморфни претстави, најмногу ја согледуваме кај накитот, поточно кај леаните прстени декорирани со врежување.

Претставените пет прстени кои потекнуваат од локалитетот „Црквиште“ во село Мородвис, кај Кочани, нивната форма и украси, се соодветни на накитот што го среќаваме широко на Балканскиот Полуостров, а одговараат на врмето на кое му припаѓаат.

Во петте прикажани примероци може да се воочат историските прилики во различни вре-

[39] www.hubert-herald.nl.

[40] Ibid

[41] К. Трајковски, *Дали е откриен гробот на Јован Оливер*?, Macedoniae acta archaeologica, 9, Скопје 1988, 235-236.

[42] Х. Бидерман, *Речник на симболите,* 297.

[43] www.hubert-herald.nl.

менски периоди, како и економската состојба. Најрано датиран прстен е бронзениот прстен со врежан орел, кој најверојатно потекнува од XI-XII век, нешто подоцна во XII, односно крајот на XII век е и сребрениот прстен со испакнати рамена. Ваквите типови на прстени се среќаваат насекаде на Балканскиот Полуостров и пошироко, односно на просторот на Византија. Се работи за масовна продукција на прстени, кои биле продавани од трговците што патувале низ Византија.

Кон крајот на XIII и почетокот на XIV век се согледуваат влијанијата од северот, односно влегувањето на хералдиката во Македонија, поточно во Брегалничкиот регион. Прстенот со врежан двоглав орел е јасен пример за тоа као доаѓа до спојување на византиските традиции со популарните влијанија од другите култури, во овој случај веќе познатиот симбол на двоглав орел кој прима хералдички елементи внесени од западот.

Подоцна, кога Мородвис влегол под српска управа, влијанијата од српските великодостојници било поизразено. Сега се прифаќаат и други симболи, повторно познати на населението, но прикажани уникатно. Прстенот со лав/пантер е сличен со прстените на почитуваните личности од областите раководени од српските деспоти, но се карактеризира со свои специфичности и поединости.

Прстенот со шематски прикажаната риба, кој потекнува од османлискиот период, јасно го отсликува времето на кое му припаѓа. Во XVI век населението веќе одамна го чувствува притисокот на турската управа. Додека во византискиот христијански свет рибата јасно и пластично е прикажана на прстенот од гробот 105, во османскиот период, потчинетото христијанско население, за да не биде трн во окото на помоќните од нив, затскриено ја прикажувале рибата, симболот на Христос.

Материјалот и техниката на изработка на прстените ја прикажува и економската состојба на носителот во времето на кое му припаѓаат. Прстените од XII и XIII век го претставуваат средниот сталеж на населението, кое можело да си ги обезбеди основните потреби, а притоа имало можност да се украси, но со евтин накит. Во периодот што следува се диференцира население што е помоќно и побогато, што може да си дозволи да биде носител на луксузен, добро изработен накит. Тоа се согледува од двата прстена печатници, кои им припаѓале на поугледни жители од Мородвис. Меѓутоа, износеноста на позлатениот прстен со лав ни ја навестува новонастанатата економска состојба под османска управа. Во зенитот на турското владеење, односно класичниот турски период до крајот на управувањето на Сулејман Величествениот, христијанското население, иако потиснато, се уште можело и сакало да се украсува, но сега повторно со евтин накит наменет за широките народни маси.

Се поставува прашањето зошто носителите на прстените се одлучиле токму за ваквите мотиви? Како што се согледува од текстот, секое од овие животни имало претежно позитивна улога во библиските, односно христијанските текстови, па како такви биле прифатени од сопствениците. Веројатно тие не биле свесни дека овие симболи биле употребувани на просторот на Македонија уште од далечното минато, но тоа длабоко се вкоренило во свеста на Македонците, така што изборот на одредена зооморфна претстава има подлабоки причини, кои засега не може да бидат одгатнати.

*31 март 2017*
*Св. Кирил архиеп. Ерусалимски*

**БИБЛИОГРАФИЈА**


**Архимандрита Никофора**. 1990. Библейская энциклопедия, Москва 1891, репринтное издание М: ТЕРРА.

**Бидерман Х**. 2003. *Речник на символите*, Рива.

**Иванишевић В**. 2004. Развој хералдике у средњевековној Србији, *Зборник радова Византолошког института*, XLI, Београд, 213-234.

**Јоновски Ј**. 2009, Грбовите на Македонија, *Македонски Хералд, 3*, Скопје март с. 3 -13.

**Јоновски Ј**. 2013. Македонски хералдички терминолошки речник, *Македонски Хералд бр. 7*, Септември.

**Јорданова А**. 2008. *Прстените од Мородвис*, Мастер тема, Београд 2008.

**Јорданова А**. 2009. Хералдички претстави од Брегалничкиот регион, *Македонски Хералд*, 3, Скопје,.

**Јосифовски П**. 1994. Збирен наод на доцнохеленистички монети од Башино Село, *Македонски нумизматички гласник*, бр. 1, Скопје, 57 – 62.

**Манева Е**. 1992. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје.

**Манева Е**. 2016. Прстени со зооморфни мотиви од некрополата Водоча кај Струмица, *Monumenta,* 1, Скопје, 53-85.

**Leksikon ikonografije, liturgike I simbolike zapadnog Kriščanstva I uvod u ikonologiju**. 1985. Radova Ivančevića, Uredio Anđelko Badurina, Sveučilišna naklada Liber kriščanska sadašnjost, Zagreb.

**Толевски И**. 2014. Библиографија на Кирил Трајковски, *Патримониум.мк, списание за културно наследство-споменици, реставрација, музеи*, година 7, број 12, Скопје, 10-14.

**Трајковски К**. 1980. Истражувања во Мородвис, *Зборник* (1979-1980), Археолошки музеј на Македонија, Книга X-XI, Скопје, 133-142.

**Trajkovski К**. 1985. Morobisdon – Crkveni kompleks sa nekropolom, *Arheološki pregled 1985*, Archaeologia Jugoslavica, Savez arheoloških društava Jugoslavije, Ljubljana, 176.

**Трајковски К**. 1988. Дали е откриен гробот на Јован Оливер?, *Macedoniae acta archaeologica*, број 9, Скопје, 235-236.

**Трајковски К**. 1992. Гробот 105 од Мородвис, *Macedoniae acta archaeological,* број 12, Скопје, 235-246.

**Трајковски К**. 1992. Археолошки осврт на Мородвишката епископија, Известия на исторически музей-Кюстендил, Том IV, Кюстендил, 279-287.

**Трајковски К**. 2006. Култот на моштите во Брегалничката долина*, Follia Archhaeologica Balkanica,* Скопје.

**Свето писмо (Библија) на стариот и на новиот завет.** 1990. Скопје.

**Соколовска В**. 1997. *Етничките носители на требенишката некропола,* Скопје-Охрид, Macedonia Prima-Ohrid.

**Срејовић Д**., **Цермановић-Кузмановић А**., *Речник грчке и римске митологије*, четврто издање, Београд 1992, 161, 184.

**Rice. D. T**. 1986. *Art of the Byzantine Era,* Thames and Hudson, London,

**Шелдаров Н**. 1999. Наод на монети од македонскиот крал Филип V*, Македонски нумизматички гласник*, бр. 3, Скопје, 29-34.

Ana JORDANOVA - DUBROVSKA

## RINGS WITH ANIMAL IMAGES FROM THE ARCHEOLOGICAL SITE " CRKVIŠTE " IN THE VILLAGE MORODVIS

*Summary*

The presented five rings that originate from the site "Crkvište" from the village Morodvis in vicinity of Kočani, according to the form and decoration are appropriate for the jewellery found wider in the Balkan peninsula, and respond to period and the economic circumstances.

The rings from the $11^{th}$-$12^{th}$ centuries are found throughout Byzantium. They are products which are the result of a massive production sold by traveling merchants. At the end of the $13^{th}$ and the $14^{th}$ centuries the branch of heraldry appears also in Macedonia, and likewise in conjunction with the Byzantine tradition, and popular influences from other cultures. Later on, the influence from the Serbian feudal aristocracy is shown, and with local specific details. In the $16^{th}$ century the Ottoman influence is present with designs of the Christian symbols.

The economic status is reflected in the material and the technique in which the ring is made. Perceptible of the middle class is the permanent embellishment, however with cheap materials. During the Serbian rule there is a distinction of the wealthy class that favoured embellishment with luxury jewellery, and this is shown by the seal rings in Morodvis. In the classic Ottoman period, the impoverished population still had the privilege to wear jewellery, nevertheless made in low quality and produced for the wider masses.